**20150130249**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 4 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република“ бр. 42/14 и 116/14), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ЛИЦА КОИ ЗАСНОВААТ РАБОТЕН ОДНОС ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) и тоа: полициски службеници, овластени службени лица за безбедност и контраразузнавање и овластени службени лица за вршење стручни работи (во натамошниот текст: кандидатите).

Член 2

По исклучок од членот 1 од овој правилник, начинот на селекција и избор на кандидат за полицаец се врши согласно посебен пропис.

Член 3

При спроведување на селекција на кандидатите им се овозможува под еднакви услови да ги демонстрираат своите способности, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Член 4

Личните податоци на кандидатите при селекција и избор се обработуваат согласно прописите за заштита на личните податоци.

Член 5

(1) Селекција и избор на кандидати се спроведува од страна на Комисија за селекција (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од страна на министерот за внатрешни работи, која го определува редоследот на фазите на селекцијата.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член при спроведување на селекцијата, по потреба вклучува и стручни лица од Министерството или од други институции (во натамошниот текст: стручните лица).

Член 6

(1) Селекција и избор на кандидати се врши врз основа на јавен оглас, распишан од страна на Министерството.

(2) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член содржи:

- правен основ за негово објавување;
- назив на органот за чии потреби се објавува;
- назив на работното место што се огласува;
- број на слободни работни места (извршители) за кои се распишува огласот;
- општи и посебни услови за работното место;

- наведување на потребните документи за исполнетоста на пропишаните услови за работното место, во оригинал или копија заверена на нотар, во хартиена или скенирана форма;
- адреса и место на пријавување;
- рок за пријавување со напомена дека ненавремената и непотполна документација нема да се разгледува;
- напомена дека пријавата во хартиена форма и документите што се приложуваат кон пријавата се поднесуваат секој работен ден во определениот рок, во текот на работното време;
- напомена дека при поднесување на пријавата се изјавува доброволно пристапување на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството, со неможност за барање на оштета од Министерството во случај на повреда за време на спроведување на селекцијата;
- напомена дека селекцијата се спроведува во фази утврдени со закон и овој правилник;
- напомена дека по спроведената селекција, избор се врши согласно членот 3 од овој правилник и
- напомена дека по спроведената селекција и избор на кандидати, избраните лица склучуваат соодветен договор за вработување, согласно закон.

Член 7

Селекцијата на кандидатите се спроведува во фази утврдени со закон и овој правилник, и тоа:
- административна селекција;
- проверка на моторички способности;
- писмено тестирање (стручен испит);
- психолошко тестирање;
- интервју;
- безбедносна проверка и
- здравствени прегледи за проверка на здравствените и психофизичките способности на кандидатите.

Член 8

Известувањето на кандидатите за местото и времето на спроведување на секоја од фазите на селекцијата се врши преку надлежната организациска единица на Министерството според живелиштето на кандидатот или на начин определен од страна на Комисијата.

Член 9

При спроведување на административната селекција се проверува дали поднесената документација е уредна согласно закон, односно се врши утврдување на нејзината навременост и потполност, како и исполнетост на пропишаните услови за засновање работен однос во Министерството.

Член 10

(1) Проверката на моторичките способности на кандидатите се врши според критериумите објавени во јавниот оглас.

(2) Проверката од ставот (1) на овој член се врши на местото определено од Комисијата, од страна на стручните лица, по претходно определен распоред од Комисијата.

(3) Стручните лица кои ги вршат проверките на моторичките способности, водат табеларен преглед на постигнатите резултати за секое пријавено лице поединечно. Во

табеларниот преглед покрај основните податоци за лицето, се впишуваат и освоените бодови од спроведените проверки.

(4) Стручните лица од ставот (3) на овој член ги запознаваат кандидатите за правилниот начин на изведување на вежбите и вршат демонстрација за истото.

(5) Проверката од ставот (1) на овој член се врши во присуство на лекар од Министерството.

Член 11

(1) Писменото тестирање опфаќа спроведување на стручен испит.

(2) Писменото тестирање се врши истовремено во сите определени места, на посебно изготвени тестови со заштита за анонимност при нивното бодирање.

(3) По извршеното анонимно бодирање од ставот (2) на овој член, од страна на Комисијата се утврдуваат постигнатите резултати, односно бодовите, за секој кандидат поединечно.

Член 12

(1) Психолошкото тестирање опфаќа спроведување на тест за проверка на интелектуалните и емоционалните способности на кандидатот.

(2) Видот и формата на психолошкиот тест се одредува од страна Комисијата во консултација со стручно лице-психолог.

(3) Психолошкиот тест се спроведува од страна на стручни лица-психолози, вклучени од страна на Комисијата.

Член 13

Интервјуто се спроведува со секој кандидат поединечно, на место определено од страна на Комисијата.

Член 14

(1) Безбедносна проверка се врши од страна на надлежна организациска единица во Министерството, заради утврдување на безбедносен ризик согласно закон.

(2) Безбедносната проверка од ставот (1) на овој член се врши врз основа на писмена изјава од кандидатот  со која се дава согласност за вршење на безбедносната проверка.

Член 15

(1) Здравствените прегледи за проверка на здравствените и психофизичките способности на кандидатите се вршат од страна на Здравствена комисија формирана од министерот за внатрешни работи, согласно прописите за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Полицијата, начинот на нивно утврдување и начинот на контрола на здравствената и психофизичката способност на полициските службеници, односно прописите за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Министерството, начинот на нивно утврдување, начинот на контрола на здравствените и психофозочките способности на работниците со статус на овластени службени лица за вршење стручни работи и на работниците со статус на овластени службени лица за безбедност и контразузнавање, како и начинот на работа на здравствената Комисија.

(2) Во случај кога упатениот кандидат на здравствените прегледи нема да ги постигне потребните резултати, Комисијата дополнително го вклучува следното лице од изготвената ранг - листа од членот 18 од овој правилник.

(3) Комисискиот наод издаден од Здравствената комисија од ставот (1) на овој член се доставува до Комисијата.

Член 16

(1) При спроведувањето на секоја фаза од селекцијата, освен при административната селекција, безбедносната проверка и здравствените прегледи за проверка на здравствените и психофизичките способности на кандидатите, се врши бодирање на постигнатите резултати за секој кандидат од страна на Комисијата или стручните лица кои учествувале во спроведување на соодветната фаза на селекцијата.

(2)Бодирањето од ставот (1) на овој член се врши на следниов начин:

- резултати од проверки на моторички способности –40 бодови;
- резултати од психолошки тест – 40 бодови;
- резултати од писмено тестирање (стручен испит) – 20 бодови и
- резултати од интервју – 20 бодови.

(3) За продолжување, односно за вклучување во следната фаза на селекција, кандидатите треба да освојат најмалку 51% од бодовите за секоја фаза поединечно од став (2) на овој член.

Член 17

Ако двајца или повеќе кандидати за засновање работен однос имаат еднаков број на бодови, Комисијата ги повикува на дополнително интервју.

Член 18

По завршување на секоја фаза на селекцијата врз основа на постигнатите резултати на кандидатите, од страна на Комисијата се изготвува ранг -листа со која се утврдува кои од кандидатите продолжуваат во следната фаза на селекцијата.

Член 19

Во случај кога во текот на селекцијата, кандидатот кој поднел пријава во хартиена форма и приложил документи кон истата, доброволно се откаже од нејзино понатамошно спроведување, од страна на Комисијата му се враќаат доставените документи утврдени со закон, врз основа на претходно поднесено барање.

Член 20

По секоја спроведена фаза на селекција, резултатите од претходно поминатите фази се приложуваат кон пријавата.

Член 21

Врз основа на добиениот збир на бодови од поединечните фази на селекција, од страна на Комисијата се изготвува конечна ранг-листа.

Член 22

(1) По спроведување на селекцијата, од страна на Комисијата се врши избор на кандидати, притоа водејќи сметка за соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност, како и принципот на еднаквост на половите и за тоа се составува записник.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член и ранг листата од член 21 од овој правилник од страна на Комисијата се доставуваат до министерот за внатрешни работи.

Член 23

(1) Кандидатите кои се избрани се известуваат за времето и местото за потпишување на договорот од членот 6 став (2) алинеја 13 од овој правилник.

(2) Кандидатите кои се избрани врз основа на доставена електронска пријава и документи во скенирана форма се известуваат за да ги достават потребните документи за исполнување на пропишаните услови во оригинал или копија заверена на нотар во хартиена форма.

(3) Кандидатите кои не се избрани писмено се известуваат. На кандидатите кои пополниле пријава во хартиена форма им се враќаат сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на пропишаните услови.

Член 24

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 128/09 и 149/14).

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.42/14 и 116/14).

Бр. 13.1-3994/1
22 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.